Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 - 74/5
Датум: 07-03-2024

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 74/1 од 15.01.2024 година, поднесена од од Скопје, со адреса на , за сторена дискриминација врз основа на јазик, пол, род и политичка припадност во областа на работата и работните односи против ЈП Градски паркинг - Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 07.03.2024 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на јазик, пол, род и политичка припадност во областа на работата и работните односи од страна на ЈП Градски паркинг – Скопје кон

## Образложение

На 15.01.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка за заштита од дискриминација врз основа на јазик, пол, род и политичка припадност во областа на работата и работните односи од страна на подносителката против ЈП Градски паркинг – Скопје. Подносителката ја дополни претставката на 16.01.2024 година со поднесок бр. 08 – 74/2.

Во претставката се наведува дека подносителката е вработена во ЈП Градски паркинг – Скопје. Нејзиниот работодавач на 12.12.2023 година, објавил оглас бр. 04 – 537/2 за прием на пет кандидати, на работно место – инкасант наплатувач на затворени јавни паркиралишта, во Одделение јавни паркиралишта, Сектор јавни паркиралишта. На 09.01.2024 година, на официјалната страница на ЈП Градски паркинг била објавена Одлуката за избор на пет кандидати, меѓу кои не била подносителката на претставката. Подносителката тврди дека на огласот не била избрана ниту една кандидатка од женски род и со албанска етничка припадност. По огласите за различни работни позиции била примена само една жена, Македонка, но ниту една жена Албанка. Според подносителката станува збор, истовремено, за родово базирана дискриминација и дискриминација врз етничка припадност. На конкретниот оглас, во кој таа конкурирала смета дека таа е директно дискриминирана, поради тоа што сите примени кандидати, без разлика дали Македонци или Албанци, биле од машки род. За разлика од кандидатите кои биле избрани за работните позиции, кои според неа не ги исполнуваат условите, таа смета дека ги исполнува условите, со тоа што го говори и пишува македонскиот јазик. Според подносителката предуслов за работа во државните институции, во кои службен јазик е македонскиот јазик, вработените со друга етничка припадност треба течно да го говорат македонскиот јазик.

Дополнително, подносителката наведува дека при извршениот избор по јавните огласи имало и партиска дискриминација.

Во прилог на претставката доставен е Јавниот оглас за вработување на даватели на јавни услуги на неопределено време во ЈП Градски паркинг – Скопје со бр. 04 – 537/2 од 11.12.2023 година.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 16.01.2024 година испрати Барање за произнесување по наводите од претставката со бр. 08 - 74/3 до потенцијалниот дискриминатор.

На 12.02.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок за произнесување по наводите од претставката од ЈП Градски паркинг – Скопје.

Со поднесокот потврдуваат дека во текот на месец декември, 2023 година бил објавен оглас бр. 04-537/2 од 11.12.2023 година (објавен на 12.12.2023 година) за вработување во ЈП Градски Паркинг Скопје. Огласот бил објавен за вработување на:

- пет извршители на работно место - Инкасант - наплатувач (затворени Јавни паркиралишта) во Одделение јавни паркиралишта, Сектор јавни паркиралишта со шифра КДР 03 05 БО4 101;

- четири извршители на работно место - Контролор на паркирањето во Одделение јавни паркиралишта, Сектор јавни паркиралишта со шифра КДР 03 05 БО2 050;

- еден извршител на работно место - Референт за контрола и надзор на јавни паркиралишта во Одделение Катни Гаражи, Сектор јавни паркиралишта со шифра КДР 03 05 БО2 123 и

- два извршители на работно место - Хигиеничар во Одделение за одржување и изнајмување, Сектор Јавни паркиралишта со шифра КДР 04 01 А03 005.

На 26.12.2023 година со Решение број 04 - 537/30 била формирана Комисија за селекција за вработување на јавен оглас. Согласно Законот за вработени во јавен сектор се предвидува Комисијата за селекција од конечните ранг листи по работни места, избира онолку најдобро рангирани кандидати со припадност на заедница согласно годишниот план на институцијата и балансерот. Известуваат дека на огласот се пријавиле дваесет и еден кандидат. Врз основа на тоа, а согласно законските одредби, Комисијата за селекција на вработување ја спровела постапката за вработување за горенаведените работни позиции и донела Одлука за избор број 01/2023 бр. 04 - 32/8, преку која се наведува дека биле избрани најсоодветните кандидати.

Во конрекст на припадноста на заедниците и балансерот се посочува на член 7, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација кој предвидува дека нема да се сметаат за дискриминација мерки и дејствија што се превземаат со единствена цел да се отстрани нееднаквото уживање на човековите права и слободи, се додека не се постигне фактичка еднаквост на лице или група, ако разликувањето е оправдано и објективно, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно соодветни и неопходни. Поради тоа, во поднесокот тврдат дека постапката за селекција била водена согласно позитивните законски прописи. Во однос на наводите од претставката за дискриминација, истакнуваат дека ЈП Градски паркинг не сторил дејствие на неповолно постапување, разликување, исклучување или ограничување, кое како последица имало или би можело да има одземање, нарушување или ограничување на еднаквоста, споредено со третманот кој го има или би можело да го има друго лице во исти или слични услови. Понатаму, во однос на наводите од претставката истакнуваат дека подносителката не навела ниту соодветен компаратор за нееднаквиот третман или директна или пак индиректна дискриминација при огласот за вработување. Поради тоа сметаат дека подносителката со поднесената претставка и предложените докази не ја сторила веројатна ниту директната дискриминација во конкретниов случај. Воедно, за посочениот дискриминатор е спорно дали воопшто во конкретниот предмет подносителката бара заштита од дискриминација согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација или пак бара заштита на правата што произлегуваат од работен однос и пристапот до вработувањето. Од таа причина сметаат дека претставката е нејасна, во однос на тоа дали подносителката ја спори одлуката за избор или навистина смета дека е жртва на директна дискриминација. Дополнително, истакнуваат дека подносителката не доставила соодветни и квалитетни докази во поткрепа на своите наводи. Врз основа на наведеното, во поднесокот за произнесување се одбиваат во целост наводите за дискриминација и се истакнуваат како тенденциозни. Се напоменува дека во јавното претпријатие Градски паркинг – Скопје никогаш досега не била извршена дискриминација врз ниту едно лице, а огласите за вработување секогаш биле спроведувани согласно позитивните законски прописи. Вработените лица во целост биле почитувани и им биле почитувани уставно и законски загарантираните права. Со оглед на сето наведено сметаат дека претставката е неоснована, од причини што не постои дејствие на нееднаков третман и поради тоа и предлагаат на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација да ја отфрли во целост претставката како неоснована.

Од утврдената фактичка состојба произлегува дека подносителот на претставката не го направил веројатно тврдењето за дискриминација. За да се стори веројатно тврдењето за извршена дискриминација, и за да премине товарот на докажување од подносителот на претставката кон потенцијалниот дискриминатор, во смисла на член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, **подносителот треба да докаже дека постои јасна причинско – последична врска помеѓу дискриминаторските основи и настанатата повреда**. Освен тоа, за да постои веројатност за дискриминација потребно е да постои и каузалност помеѓу


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

понеповолно постапување и настанатата повреда, односно штета за подносителот, како и поврзаност помеѓу понеповолното постапување и дискриминаторската основа.

Во случајот **не е докажана врската помеѓу заштитните карактеристики на подносителката, наведени како дискриминаторски основи: пол, род, јазик и политичка припадност и фактот што не била избрана за работната позиција**. Околноста што подносителката ги има конкретните заштитни карактеристики, кои во претставката се наведени како дискриминаторски основи не се доволни сами по себе, за да се заклучи дека биле причина за понеповолно постапување кон неа и ограничувањето на пристапот до работната позиција. Како што и погоре беше појаснето, истото е потребно да се докаже. Подносителката не посочила ниту компаратор, односно лице кое се наоѓа во споредлива ситуација, а посочениот дискриминатор со него постапил различно, односно **не докажала нееднаков, различен третман или понеповолно постапување**. Дотолку повеќе што, **фактот дека подносителката не била избрана за работната позиција за која конкурирала, не може да се смета за дискриминација, доколку е изолиран факт, односно не е поврзан со претходнонаведените елементи**.

Оттука произлегува дека не е исполнета законската **дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.“*

**Заради наведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација врз основа на јазик, пол, род и политичка припадност во областа на работата и работните односи од страна на ЈП Градски паркинг - Скопје кон**

Скопје,
07.03.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

-
- ЈП Градски паркинг – Скопје со седиште на ул. „Македонија" бр. 11 а, 1000 Скопје

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република
Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of
North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk